**Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македонија” број 58/2000 и 44/2002), министерот за финансии донесе**

# УПАТСТВО
# за начинот на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ), при увоз на добра – стоки и за обезбедување на средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата, потребни за реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства на странски донатори

**(“Службен весник на Р.М.“, бр.08-17077/1 од 07.08.2003 година и дополнување бр.10-3780/1 од 10.02.2005 година)**

**Важи од 07.08.2003 година**

### Член 1

Со ова Упатство се уредува начинот на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и ДДВ при увоз на добра-стоки и за обезбедување на средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата, потребни за реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства на странски донатори, за кои постои договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, во кој стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија.

### Член 2
### Начин на поведување на постапка

(1) Постапка за ослободување од царина и други давачки, акциза и ДДВ при увоз на добра - стоки, како и постапка за обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на акциза и ДДВ за прометот во земјата при реализирање на проекти од член 1 на овој Правилник, поведува субјектот задолжен за реализирање на проектот-имплементаторот (корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, фондовите, невладини организации

регистрирани во Република Македонија).

(2) Постапката од став 1 на овој член, единките корисници на средства од Буџетот на РМ, кои се задолжени за реализирање на проектот - имплементатори, ја поведуваат преку корисникот на средства од Буџетот на РМ во чиј состав се.

(3) Постапката од став 1 на овој член единиците на локалната самоуправа кои се задолжени за реализирање на проектот - имплементатори, ја поведуваат преку Министерството за локална самоуправа.

(4) Постапка од став 1 на овој член може да поведе странскиот донатор или субјект (странско правно или физичко лице кое нема деловна единица во Република Македонија)-имплементатор, кој има склучено писмен договор со странскиот донатор или со негов овластен претставник за реализирање на проектот.

**Член 3**

## Увоз на добра-стоки за реализирање на проекти

(1) Заради издавање на потврда за остварување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и ДДВ, при увозот на добра - стоки за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, до Министерството за финансии се поднесува барање на Образец А1-П кој е даден во прилог на ова упатство. Образецот А1-П се доставува во два примероци.

(2) Со барањето се приложуваат следните документи:

1.Фактура или профактура од странскиот испорачател или договор за купопродажба (или друг комерцијален документ за купопродажба);

2. Копија од потврдата за регистрација на проектот во Владата на Република Македонија-Генерален секретаријат-Сектор за европска интеграција - Одделение за координација на странска помош која ги содржи следните податоци:

- називот на проектот на македонски и англиски јазик;

- вредноста на донацијата за соодветниот проект;

- име на имплеменаторот  кој е задолжен за реализирање на проектот  и

- дата на договорот склучен помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор (со наведување на неговото име), во кој има клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија и

3. Копија од договорот помеѓу субјектот за спроведување на проектот-имплементатор и странскиот донатор или негов овластен претставник (се доставува само при првото понесување на барањето).

## Член 4

## Обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на акциза и ДДВ, за прометот на добра и услуги во земјата за реализирање на проекти

(1) Заради обезбедување на средства за плаќање на акциза и ДДВ од Буџетот на Република Македонија за прометот на добра и услуги во земјата, за реализирање на проекти, до Министерството за финансии се поднесува барање на Образец АЗ-П кој е даден во прилог на ова упатство. Образецот АЗ-П се доставува во два примероци.

(2) Со барањето се приложуваат следните документи:

1. Фактура (ситуација, или др. документ) во оригинал, од испорачателот на доброто или вршителот на услугата упатена кон проектот под име под кое е регистриран проектот во Владата на Република Македонија, а во која е назначен и субјектот за спроведување на проектот (имплементаторот). Во фактурата мора да е посебно искажан износот на ДДВ и акцизата во денари;

2. Копија од потврдата за регистрација на проектот во Владата на Република Македонија - Генерален секретаријат - Сектор за европска интеграција - Одделение за координација на странска помош, која ги содржи следните податоци:

- називот на проектот на македонски и англиски јазик;
- вредноста на донацијата за соодветниот проект;
- име на имплеменаторот  кој е задолжен за реализирање на проектот и
- дата на договорот склучен помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор (со наведување на неговото име), во кој има клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија и

3. Копија од договорот помеѓу субјектот за спроведување на проектот-имплементатор и странскиот донатор или негов овластен претставник (се доставува само при првото понесување на барањето).

## Член 5

## Спроведување на постапката во Секторот за трезор за обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на акциза и ДДВ

(1) Даночните обврзници вршители на прометот, обврските за ДДВ по фактурите за прометот во земјата при реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, за кои постои договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, во кој стои клаузула дека донираните

средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија, ги уплатуваат на Налог за плаќање на јавни приходи (Образец ПП-50), на Трезорска сметка 100 0000000630 95 - Народна банка на Република Македонија, на посебна уплатна сметка 840-02902, цел на дознака: ДДВ по основ на донации, приходна шифра: 714119.

(2) Секторот за даночна политика и администрација за исполнетост на условите го известува Секторот за трезор кој ќе изврши исплата на уплатениот износ на ДДВ на сметката на вршителот на прометот. Без извршена уплата на ДДВ на посебната уплатна сметка по основ на донации од вршителите на прометот од став 1 на овој член, Секторот за трезор нема да изврши враќање на ДДВ на сметката на вршителот на прометот.

(3) Акцизниот должник, обврската за акциза за извршен промет на минерални масла во акцизната територија, која одделно ја искажува во фактурите при реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, за кои постои договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, во кој стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија, ја уплатува на налог за плаќање на јавни приходи (Образец ПП-50), на Трезорска сметка 100 0000000630 95 - Народна банка на Република Македонија, на посебна уплатна сметка 840-02388, цел на дознака: акцизи по основ на донации, приходна шифра: се пополнува зависно од видот на минералното масло.

(4) Секторот за даночна политика и администрација за исполнетост на условите го известува Секторот за трезор кој ќе изврши исплата на уплатениот износ на акциза на сметката на акцизниот должник. Без извршена уплата на акциза на посебната уплатна сметка по основ на донации од акцизниот должник од став 3 на овој член, Секторот за трезор нема да изврши враќање на акцизата на сметката на акцизниот должник.

(5) Акцизниот должник, обврската за акциза за извршен промет на патнички автомобили, која одделно ја искажува во фактурите при реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, за кои постои договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, во кој стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија, ја уплатува на налог за плаќање на јавни приходи (Образец ПП-50), на Трезорска сметка 100 0000000630 95 - Народна банка на Република Македонија, на посебна уплатна сметка 840-02388, цел на дознака: акцизи по основ на донации, приходна шифра: 714232.

(6) Увозникот на патнички автомобили за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, за кои постои договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, во кој стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија, за уплатената акциза согласно царинските прописи, до Министерство за финансии поднесува барање за обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на акциза (Образец "АЗ - П" и царинска декларација).

(7) Секторот за даночен и царински систем за исполнетост на условите го известува Секторот за трезор кој ќе изврши исплата на уплатениот износ на акциза на сметката на акцизниот должник. Без извршена уплата на акциза на посебната уплатна сметка по основ на донации согласно став 5 на овој член или без уплатена акциза при увоз согласно став 6 на овој член, Секторот за трезор нема да изврши враќање на акцизата на сметката на акцизниот должник.

## Член 6

## Набавки на добра и користење на услуги во земјата за службени потреби на проектот

(1) Заради издавање на потврда за враќање на платена акциза и ДДВ, за набавени добра и користени услуги во Република Македонија за службени потреби (струја, вода, телефон, греење, гориво, канцелариски материјали и сл.), за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, субјектот задолжен за реализирање на проектот-имплементатор до Министерството за финансии поднесува барање на Образец А2-П кој е составен дел на ова упатство. Образецот А2-П се доставува во два примероци.

(2) Со барањето се приложуваат следните документи:

1. Фактура (ситуација, или др. документ) во оригинал, од испорачателот на доброто или вршителот на услугата. Во фактурата мора да е посебно искажан износот на ДДВ во денари;

2. Копија од потврдата за регистрација на проектот во Владата на Република Македонија-Генерален секретаријат-Сектор за европска интеграција - Одделение за координација на странска помош, која ги содржи следните податоци:

- називот на проектот на македонски и англиски јазик;
- вредноста на донацијата за соодветниот проект;
- име на имплеменаторот кој е задолжен за реализирање на проектот;
- дата на договорот склучен помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор (со наведување на неговото име), во кој има клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија и

3. Копија од договорот помеѓу субјектот за спроведување на проектот-имплементатор и странскиот донатор или негов овластен претставник (се доставува само при првото понесување на барањето).

### Член 7

Субјектите задолжени за реализирање на проектот-имплементатори, по добивањето на потврдата од Министерството за финансии со која се потврдува дека проектот има право на враќање на платените ДДВ и акциза за службени потреби на проектот, заедно со целокупната документација (фактурите во оригинал и доказот за извршеното плаќање, ги доставуваат до Управата за јавни приходи - Регионална дирекција во Скопје на понатамошна постапка за извршување на враќањето.

### Член 8
### Регистрација на проектите

(1) Субјектите задолжени за спроведување на проектите ги пријавуваат проектите во Владата на Република Македонија-Генерален секретаријат-Сектор за европска интеграција - Одделение за координација на странска помош, со наведување на:

- името и вредноста на проектот;
- датум на започнување и завршување на проектот;
- имињата на странските долгорочни експерти ангажирани во имплементација на проектот;

(2) Со барањето се доставува копија од договорот помеѓу субјектот за спроведување на проектот и странскиот донатор или негов овластен претставник.

(3) Субјектите задолжени за спроведување на проектите за секоја промена на информации во врска со проектот, се обврзуваат да го информираат Одделението за координација на странска помош.

(4) Одделението за координација на странска помош од став 1 на овој член издава потврда за извршената регистрација на проектот. Во потврдата се искажуваат следните податоци:

- називот на проектот на македонски и англиски јазик;
- вредноста на донацијата за соодветниот проект;
- името на имплеменаторот кој е задолжен за реализирање на проектот ;
- дата на договорот склучен помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор (со наведување на неговото име), во кој има клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија;

## Член 9

## Даночен број на проектот и отворање на сметка во деловна банка

(1) Субјектите задолжени за реализирање на проектот- имплементатори, за остварување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и ДДВ, при увоз на добра-стоки и за враќање на платена акциза и ДДВ, за набавените добра и користени услуги во Република Македонија за службени потреби (струја, вода, телефон, греење, гориво, канцелариски материјали и сл.) за реализирање на проекти, треба да добијат единствен даночен број на проектот.

(2) Добивањето на единствен даночен број (ЕДБ) за проектот се врши во Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје.

(3) За извршување на враќање на платена акциза и ДДВ, за набавените добра и користени услуги во Република Македонија за службени потреби (струја, вода, телефон, греење, гориво, канцелариски материјали и сл.) за реализирање на проекти, субјектите задолжени за реализирање на проектот-имплементатори треба да отворат сметка на територијата на Република Македонија ( кај деловни банки или трезорска сметка*)*.

## Член 10

## Влегување во сила

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр 08 - 17077/1**
**07.08.2003 година**
**С к о п ј е**